Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18 и 244/19),член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Северна Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( "Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник бр 239 од 19.11.2019 година ) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/2005), Советот на Општината Битола на 9 -та седницата одржана на ден 15.03.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година

### Член 1

Во членот 12 се додава став 4 и тоа :

Месечниот надоместок за присуство на седниците на совет се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на совет се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Ставот 4 станува став 5.

### Член 2

Во членот 14 се врши измена и тоа :

На вработените во Општинската администрација им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000 денари нето, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

### Член 3

Во член 15 став 2 се врши измена и тоа:

Надоместокот за дневница за службено патување во земјата изнесува 700,00 денари.

### Член 4

Во член 18 став 1 се вршат следните измени и тоа :

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000,00 денари.

Во член 18 став 2 се вршат следните измени и тоа :

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-47/7
15.03 .2022 год
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Габриела Илиевска